Врз основа на член 56 став 1 точка 14, а во врска со член 54 став 1, точка 8, член 63а, 63б и 63в од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014 и 188/2014, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16, 171/2017 и 275/2019) и член 16 и 17 од Правилникот за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 158/2009, 138/2010 и 129/2018), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31.01.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на предлог референтни цени на лекови

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат предлог референтни цени како максимален износ кој Фондот го надоместува за лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Член 2

Се утврдуваат следните предлог максимални референтни цени на лекови кои се на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија:

| **АТЦ код** | **Генеричко име-INN** | **Фармацевтска дозажна форма** | **Јачина** | **ПРЕДЛОГ максимална референтна цена за единица лек (во денари, без ДДВ)** |
|---|---|---|---|---|
| J01DC02 | Cefuroxime | Перорална суспензија | 250mg/5ml | 4,3000 |
| L03AB07 | Interferon beta-1a | Инјекции | 12MIU(44mcg) | 3.019,2567 |
| R03AC02 | Salbutamol | Раствор за инхалација | 2,5mg/2,5ml | 3,9048 |
| R03BA05 | Fluticasone | Аеросол | 250mcg/доза | 5,5188 |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на web страната на Фондот. Во рок од 15 дена од објавувањето, носителите на решенија за ставање во промет на лековите за кои се утврдени предлог референтни цени може да дадат забелешки на одлуката.

**Број: _________**
**_________.2020 година**
**Скопје**

**Управен одбор**
**Претседател**
**Дејан Николовски**